Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
*Сектор за управен и инспекциски надзор*

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
*Sektori i Mbikëqyrjes* Administrative dhe Inspektuese

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" СТРУГА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT INSTITUCIONI NACIONAL QENDRA PËR KULTURË „VËLLEZËRIT MILLADINOVCI" STRUGË
Бр./Nr. 03-318/3
16.07.2025 год./viti
СТРУГА STRUGË

# З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57-47**
**Датум: 14.07.2025 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа – Центар за култура Браќа Миладиновци-Струга (**во натамошниот текст: Центар**) |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „15 Корпус" бб - Струга |
| Адреса за е-пошта | kulturastruga@gmail.com |
| Телефон | (046) 786-131 |
| Матичен број на субјектот | 5888824 |
| Даночен број на субјектот | 4026004127491 |
| Број на жиро сметка на субјектот | 180104175060311 |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ, Скопје |
| Одговорно лице на субјектот: | |

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: , в.д.директор | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | <u>1. РЕДОВЕН</u> | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 10.07.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.30 | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 14.07.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.00 | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа – Центар за култура Браќа Миладиновци-Струга | | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Дејности на објектите за културни манифестации шифра:90.04 | | | |
| Адреса на објектот- | ул. „15 Корпус" бб - Струга | | | |

| | |
|---|---|
| инсталацијата каде се врши надзорот | |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

- Месечниот план за работа за месец јули ИП 1 бр. 57-953/6 од 1.7.2025 година, на Секторот за управен и инспекциски надзор да се изврши редовен инспекциски надзор над работењето на субјектот на инспекцискиот надзор, РСМ, Национална установа- Центар за култура Браќа Миладиновци - Струга, од аспект на примената на Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Сл. весник на РСМ бр.265/24).

4) **Инспекцискиот надзор е извршен од:** Верица Станкова, советник - инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (**во натамошниот текст: СУИН на МК**).

5) **Предмет на инспекцискиот надзор:** доследна примена на Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Сл. весник на РСМ бр.265/24) во работењето на Центарот, како и наменското користење на одобрените и преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, за реализација на Годишната програма за работа на Центарот за 2024 година.

**Основ:** член 82 став (1) и член 70-а став (5) од Законот за културата и член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019).

**6)** Во извршувањето на инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка од причина што станува збор за редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

**7)** За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| , в.д.директор | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

Република Северна Македонија

**Министерство за култура и туризам**

*Сектор за управен и инспекциски надзор*

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

*Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese*

| Ред. бр. | Име и презиме/својство | Телефон/Е-пошта |
|---|---|---|
| 1. | ,советник за матерјално и финансиско работење | |
| 2. | соработник за визуелни уметности архитектура и дизајн | |
| 3. | , советник за административни општи и правни работи | |

8) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

9) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

По пат на Јавен оглас во согласност со член 29 ставовите (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата, со Решение на министерот за култура бр. 44-4647/2 od 15.3.2022 г., директор на Центарот е избрана Николина Велковска-Глигороска а со Решение за престанок на мандат бр.44-8801/2 од 14.10.2024 г., е разрешена и истовремено именувана за в.д.директор со Решение на министерот за култура бр. 44-8801/3 од 14.10.2024 година е избрана за в.д.директор Розе Танческа.

Во Централниот регистар на РМ, Регионална регистрациона канцеларија во Охрид, како лице овластено за застапување на Центарот е запишана Розе Танческа, како и во Трезорската канцеларија Охрид при Министерството за финансии на 28.10.2024 г., како овластен потписник на жиро-сметките на Центарот.

9.1. Во Центарот се применува Статутот бр. 02-45/2 од 19.8.2019 г., донесен од Управниот одбор на Центарот (**во натамошниот текст: УО**), во согласност со член 35 став (1) точка 1 од ЗК, а со потребната согласност добиена со Решение бр.53-9173/2 од 19.8.2019 г., донесено од министерот за култура согласно со член 25 став (2).

9.2. Согласно со член 35 од ЗК, со Решение на министерот за култура бр. 44 – 13854/2 од 9.12.2021 г., од редот на истакнати поединци од областа на културата именувана е Даниела Секулоска за претседател на УО и Јаков Попоски за член, од редот на локална самоуправа за член со Решение бр.44-4430/2 од 30.3.2022 г., именуван е Шаин Спахо, од редот на вработените за членови именувани се Едита Садику и Гордана Цветаноска со мандат од 4 години.

Според интерната евиденција, во 2024 г. биле оддржани вкупно 3 седници на УО при што за учество во работата на УО на претседателот и на членовите во 2024

година им е исплатено од сметката за самофинансирачки активности по (1.200 денари за членовите и 1.500 денари за претседател), согласно со Одлуката на МК бр. 44-2754/1 од 1.3.2019 година во вкупен износ од 15.667 денари.

9.3. Во Центарот се применува Правилникот за организација и систематизација на работните места бр. 02-180/2 од 26.6.2020 г., донесен од директорот согласно со член 28 став (2) точка 5 од ЗК и со добиената согласност од УО бр.02-45/6 од 24.9.2020 г., согласно со член 36 став (1) точка 5 од истиот Закон, со потребната согласност и од МИОА.

9.4. Заклучно со месец декември 2024 г., во Центарот се евидентирани -- вработени на неопределено време 25 лица вклучително со директорот.

9.5.Согласно член 31 – б од ЗК, Центарот да достави полугодишен финансиски извештај до МК на секои 6 месеци за реализација Годишната програма за работа Центарот доставил извештај бр.03-248/1 од 3.7.2024 година за периодот од 1.1.2024 до 30.6.2024 г., а за периодот од 1.7.2024 до 31.12.2024 година нема доставено и според изјавата на соработникот за материјално и финансиско работење сметале дека со Годишниот Извештај за реализација на годишната програма е опфатено истото, за што од страна на инспекторот на присутните лица им беше укажано за доследно спроведување на членот 31-б од ЗК.

9.6. Согласно со член 70 од ЗК, Установата донела Нацрт-годишна програма за работа на установата за 2024 година УП1 бр.21-688 од 4.7.2023 г., и ја доставила до МКТ. Со Решение на министерот за култура бр. УП1бр.21-688/2023 од 8.02.2024 за проекти од национален интерес во културата за 2024 г., истата е прифатена Нацрт-годишната програма за работа на Установата, по што донесена е Одлука бр.02-74/12 од 4.3.2024 г., од страна на УО за согласност на Нацрт-годишна програма за работа на установата за 2024 година, а на 22.2.2024 г., со Решение бр.03-64/1 на директорот на Центарот ја донел Годишната програма за работа за 2024 г., на Установата.

9.7. Согласно со член 70-б став (2) од ЗК, Центарот доставил до МКТ извештај за реализација на Годишната програма за работа дел.бр.05-53/1 од 19.2.2025 година и со приемен штембил на МКТ бр.19-1653/1 од 21.2.2025 година.

**10. Користење на средствата одобрени од Буџетот на Р. С. Македонија, преку МКТ, во 2024 година**

**Материјално - финансиското работење на Центарот во 2024 г. е вршено преку 2 сметки и тоа:**

- 180104175060311 Средства од Буџетот на РСМ
- 18010104175078719 Средства од самофинансирачки активности

**10.1. Финансиското работење со средства од Буџетот на Р. Македонија**

Од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, финансирана е дејноста на Центарот со средства во вкупен износ од **20.862.579 денари**,

Средствата се преведени за следните намени:

- **плати и придонеси од плати** 19.151.198 денари
- **програмски активности** 1.223.000 денари
- **електрична енергија** 376.073 денари
- **комунални услуги (вода смет) и колектор** 112.308 денари

Според Банковиот извод бр.45 од 24.12.2024 г., салдото на нереализирани средства на буџетската сметка на Центарот изнесувало 31.602 денари (конто 47-401 плати и придонеси 11 - денари и конто 47-421 електрична енергија, вода смет и колектор 7.468 денари, 47-464 Фолклор и сценско – уметничка дејност- 6.310 денари, 60-464 визуелни уметности архитектура и дизајн – 699 денари од 70-464 манифестации- 219 денари 20-464 библиотечна дејност 16.895 денари), кои што се вратени во Буџетот на Р. С. Македонија.

Преведените програмски средства, во износ од 1.223.000 денари, според годишните договори биле наменети за реализација на проекти од следните дејности:

| Р. бр | Програма | Одобрени/преведени | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | 47 – Фолклор и сценско - уметничка дејност | 470.000 | 30.000 денари се доисплатени во м.февруари 2025 г., |
| 2. | 70 – Манифестации | 70.000 | |
| 3. | 41 – Драмска дејност | 80.000 | |
| 4. | 60 – Визуелни уметности, архитектура и дизајн | 170.000 | Од кои 70.000 денари обврска од 2023 г исплатена во м.февруари |
| 6. | 10- Литература и Издавачка дејност | 18.000 | Исплатено во м.март обврска од 2023 г. (Речник архаични зборови) |
| 7. | 20 – Библиотечна дејност | 415.000 | - |
| | **Вкупно:** | **1.223.000 денари** | |

**<u>47 – Фолклор и сценско – уметничка дејност</u>**

Согласно со Годишниот договор за учество во финансирање Програма од национален интерес во културата за 2024 г. бр. 21-2836/1 од 29.2.2024 г, од Буџетот на Р. С. Македонија, преку МК, на Центарот му се преведени средства во вкупен износ од 958.381 денари, и тоа за програмски активности 470.000 денари, електрична енергија 376.073 денари и за комунални услуги вода смет и колектор 112.308 денари.

Проектите од Фолклор и сценско уметничка дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени | Исплатени | Реализирани Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Фолклорен мост 2024 | 80.000 | 80.000 | 80.000 | **Проектот е реализиран** Исплатено по 1 ф-ра авторски хонорар по претходно склучен договор преку Авторска агенција спид плус ДООЕЛ Скопје 30.000 денари, по ф-ра за сместување на учесници 30.000 денари,по ф-ра за фотогрфирање 6.000 денари, за изнајмување на сценска опрема 10.000 денари по ф-ра 10.000 денари и за печатење на промотивни матерјали 4.000 денари по ф-ра (банковни изводи бр.19 и 31 од 2024) |
| 2. | „Годишна програма на КУД „Илинден“Струга за 2024 | 100.000 | 100.000 | 100.000 | **Проектот е реализиран** Исплатено по 4 ф-ри авторски хонорари по претходно склучени договори преку Авторска агенција спид плус ДООЕЛ Скопје за кореограф,стручен соработник за проект и набавка на женски делови од носии, во вкупен износ од 72.000 денари,по ф-ра за превоз на ансамбли 28.000 денари(банковни изводи бр.13 и 19 од 2024) |
| 3. | Годишен концерт на КУД „Илинден“Струга | 60.000 | 60.000 (14.000 денари се исплатени во 2025 м.февруари | 54.000 | **Проектот е реализиран** Исплатено по 3 ф-ри авторски хонорари по претходно склучени договори преку Авторска агенција спид плус ДООЕЛ Скопје за водител на проектот,уметнички раководител и тон мајстор вкупно42.000 денари, по ф-ра за фотографирање и снимање на концерт 4.000 денари и ф-ра за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | изнајмување аудио,видео и сценска опрема 8.000 денари(банковни изводи бр.19 од 29.7.2024 и бр.4 од 2025 од 11.3) |
| 4. | Ревија на народни носии Струга 2024 | 80.000 | 80.000 (16.000 денари исплатени 2025 м.февруари | 79.992 | **Проектот е реализиран** Исплатено по 1 ф-ра авторски хонорар по претходно склучени договори преку Авторска агенција спид плус ДООЕЛ Скопје за уметнички раководител 30.000 денари,по 1 ф-ра за изнајмување на аудио видео и сценска опрема 10.000 денари,ф-ра за фотографија за ревија на народни носии 6.000 денари,за сместување на учесници на ревија по ф-ра 20.000 денари , за печатење на матерјали 4.000 денари по ф-ра и за коктел по ф-ра 9.992 денари(банковни изводи бр.19 од 29.7.2024 и бр.4 од 11.3.2025) |
| 5. | Обнова и формирање на пеачката група Распеани стружани | 80.000 | 80.000 | 79.979 | **Проектот е реализиран** Исплатено по 2 ф-ри авторски хонорари по претходно склучени договори преку Авторска агенција спид плус ДООЕЛ Скопје за уметнички раководител за проект и стручен соработник во вкупен износ од 60.000 денари, за печатење на маици по ф-ра износ 18.000 денари и печатење на плакати по ф-ра 1.979 денари(банковни изводи бр.24,36 од 2024) |
| 6. | Матерјални трошоци за работа на установата | 100.000 | 100.000 | 99.719 | Исплатено за ПТТ трошоци,огласи, сервис на ПП апарати,одржување на апликација,набавка на административни матерјали,тековно одржување,систематски преглед и др.(банковен извод бр.27 од 2024) |
| | **Вкупно:** | **500.000 денари** | **500.000 денари** | **493.690 денари** | 6.310 денари се повлечени во буџет како нереализирани |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | средства |

Сите проекти се реализирани од страна на Центарот и за истите се доставени наративни и финансиски извештаи до МКТ за реализација за секој поединачен проект и тоа: бр.бр.21-3393/1 од 13.3.2025 г.,бр.21-3393 од 13.3.2025 г.,бр.21-10437/1 од 22.11.2024 г., бр.21-8222/1 од 12.9.2024 г., и бр.21-8281/1 од 13.9.2024 година.

**<u>41 – Драмска дејност</u>**

Согласно со Годишниот договор бр. 20-2079/1 од 20.2.2024 г и анекс кон договорот бр.20-2079/4 од 23.5.2024 г., за учество во финансирање Програма од национален интерес во културата за 2024 г., од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, на Центарот му се преведени средства во износ од **80.000** денари .

Проектот од Драмска дејност е прикажан во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени | Исплатени | Реализирани Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | „Океанија“-бајка за деца од македонскиот автор Мартин Милев од едицијата„Нови бајки од Македонија“ | 80.000 | 80.000 | 80.000 | **Проектот е реализиран-** исплатени се авторски хонорари по претходно склучени договори преку Авторска агенција спид плус ДООЕЛ Скопје за драматург,режисер,костимограф,3 актери и за дизајн на постер во вкупен износ од 45.000 денари (банковен извод бр.29 од 13.9.2024) по ф-ра бр.02.09.2024/2 од 9.2024 за аудио/видео обработка на ЕНАСПОТ ДООЕЛ Куманово во износ од 24.800 деари денари (банковен извод бр.29 од 13.9.2024) |
| | **Вкупно:** | **80.000 денари** | **80.000 денари** | **80.000 денари** | |

Проектот е реализиран од страна на Центарот и за истиот е доставен наративен и финансиски извештај до МКТ со приемен штембил бр.20-8365/1 од 17.9.2024 одина.

**<u>60 – Визуелни уметности, архитектура и дизајн</u>**

Согласно со Годишниот договор бр. 23-3566/1 од 13.3.2024 г., за учество во финансирање Програма од национален интерес во културата за 2024 г., од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МКТ, на Центарот му се преведени средства во вкупен износ од **170.000** денари од кои 70.000 денари се преведени во 2024 година на

21.2.2024 година како обврска од 2023 г.,за проектите „Изложба на Бурхан Ахмети 2023“-40.000 денари„„Фузија 2 работен наслов 2023“-15.000 денари, „Изложба на Ана Трајковска“-5.000 денари, за „Дримон 2023“ -5.000 денари и за „Изложба на Јелена Мијиќ-2023“5.000 денари и со истите се исплатени обврски за печатење на каталози,плакати и покани, сечење и врамување на рамки,кетеринг услугаисплатени 4 лица авторски договори за соработник за онлајн маркетинг и за автор на изложба, изработка на рамки,паспартура, асистенција и изработка на табли за изложба, набавка на гороиво и сл.(банковен извод бр.3 од 11.3.2024 година).

Проектите од визуелни уметности,архитектура и дизајн се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени | Исплатени | Реализирани Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Годишна изложба на ликовни уметници од Струга 2024 | 30.000 | 30.000 | 29.963 | **Проектот е реализиран-** Исплатено по ф-ра по претходно склучен договор за онлајн маркетинг 1 лице преку Авторска агенција спид плус ДООЕЛ Скопје во износ од 13.600 денари, по ф-ра за изработка на фотографии на платно 2.500 денари,по ф-ра за припрема на уметнички матерјали -1.500 денари за кетеринг услуги по ф-ра 3.000 денари,за превоз на патници по ф-ра 2.000 денари и за печатење на каталози,плакети и покани по дел ф-ра 7.363 денари(банковен извод бр.32 и 40 од 2024) |
| 2. | Меѓународна соработка | 30.000 | 30.000 | 29.419 | **Проектот е реализиран** Исплатено по ф-ра по претходно склучен договор за ликовен уметник преку Авторска агенција спид плус ДООЕЛ Скопје во износ од 8.500 денари, кетеринг услуги по ф-ра во износ од 3.000 денари, за транспорт на дела и превоз на патници 4.000 денари, за 2 лица ангажирани за логистичка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | поддршка и сместување на учесници, асистенција при изработка на уметнчки дела и тех.поддршка по претходно слкучени договори преку Авторска агенција спид плус ДООЕЛ Скопје 2 ф-ри вкупен износ 8.000 денари и за печатење на каталози,плакати и покани по ф-ра во износ од 6.419 денари (банковни изводи бр.32 и 40 од 2024) |
| 3. | ДРИМОН | 40.000 | 40.000 | 39.919 | **Проектот е реализиран** Исплатено по ф-ра по претходно склучен договор за соработник за продукција и организација на резиденција и изложба преку Авторска агенција спид плус ДООЕЛ Скопје во износ од 12.500 денари,за кетеринг услуги по ф-ра во износ од 5.000 денари, за транспорт на дела и патници по ф-ра во износ од 4.000 денари, п о 2 ф-ри по претходно слкучени договори преку Авторска агенција спид плус ДООЕЛ Скопје за дизај на каталог,изработка на рамки паспарту и поставување на изложба,логистичка поддршка и сместување на учесници во вкупен износ од 12.000 денари и по ф-ра за пеќатење на каталози,плакати и покани во износ од 6.419 денари (банковни изводи бр.28,32,40 од 2024) |
| | Вкупно: | **100.000 денари** | **100.000 денари** | **99.301 денари** | 699 денари се повлечени во буџет како нереализирани средства |

Проектите се реализирани од страна на Центарот и за истите се доставени наративни и финансиски извештаи до МКТ за реализација за секој поединачен проект и тоа: бр. 23-11438/1 од 18.12.2024 г., бр.23-11434/1 од 18.12.2024 и бр.23-11437/1 од 18.12.2024 година.

**<u>70 – Манифестации</u>**

Согласно со Годишниот договор бр.21-2098/1 од 21.2.2024 г., за учество во финансирање Програма од национален интерес во културата за 2024 г од Буџетот на Р. С. Македонија, преку МК, на Центарот му се преведени средства во вкупен износ од 70.000 денари за проектот Мултиетнички фестивал за деца Струга 2024.

Проектот од Манифестации е прикажан во следниот табеларен преглед:

| Р. Бр | Назив на проект | Одобрени | Исплатени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Мултиетнички фестивал за деца Струга 2024. | 70.000 | 70.000 | 69.781 | Проектот е реализиран- Исплатени автроски хонорари за 3 лица по претходно склучени договори преку Авторска агенција спид плус ДОСЕЛ Скопје за уметнички раководител,кореограф,сценогтафија во вкупен износ од 53.000 денари(банковни изводи бр.39,45 од 2024)по ф-ра бр.13/24 од 29.10.2024 на Пеликан корпоратион ДООЕЛ Струга во износ од 1.381 денар за рекламен матерјал(банковен извод бр.39 од 5.12.2024)по ф-ра бр.11/24 од 30.10.2024 за оброк за учесници во износ од 13.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | денари(банковен извод бр.39 од 5.12.2024)по ф-ра од 224.10.2024 Андрос –Охрид-кроасани износ 840 денари(банковен извод бр.39 од 2024)и балкопром-по ф-ра –кроасани 1.560 денари(банковен извод бр.39. од 2024) |
| | Вкупно: | **70.000 денари** | **70.000 денари** | **69.781 денари** | 219 денари се повлечени во буџет како нереализирани средства |

Проектот е реализиран од страна на Центарот и за истиот е доставен наративни и финансиски извештаи до МКТ бр. 21-11883/1 од 27.12.2024 година.

**<u>10- Литература и Издавачка дејност</u>**

Во 2024 година во месец март односно на 1.3.2024 г., исплатено е од страна на МКТ 18.000 денари како обврска од 2023 г., за проектот „Речник на стари и архаични зборови и изрази од струшкиот говор-Аспарух Попоски" и со истите е исплатено по ф-ра бр.5/23 од 10.5.2023 г., за печатење на брошури на Пеликан корпоратион од Струга во износ од 18.000 денари (банковен извод бр.5 од 19.3.2024 година).

**<u>20 – Библиотечна дејност</u>**

Согласно со Годишниот договор бр. 30-2000/1 од 19.2.2024 г., за учество во финансирање Програма од национален интерес во културата за 2024 г. од Буџетот на Р. С. Македонија, преку МКТ, на Центарот му се преведени средства во износ од **415.000** денари.

Проектите од Библиотечна дејност дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени | Исплатени | Реализирани Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Активности за популаризација на книгата | 20.000 | 20.000 | 18.777 | **Проектот е реализиран –** исплатено по ф-ра за печатење на плакати,флаери |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 637 денари,по ф-ра за достава на книги 1.640 денаи,за изработка на полици 13.000 денарии по ф-ра за оброк за учесници 3.500 денари (банков извод бр.44 од 2024) |
| 2. | Збогатување на книжниот фонд-Набавка на домашни и странски публикации(на македонски јазик) | 150.000 | 150.000 | 141.679 | **Проектот е реализиран** – набавка на книги по ф-ри повеќе доверители вкупно 141.679 денари(банковен извод бр.12,18,25,33,43 од 2024) |
| 3. | Збогатување на книжниот фонд-Набавка на домашни и странски публикации(на албански јазик | 150.000 | 150.000 | 145.891 | **Проектот е реализиран** – набавени книги по ф-ра 72.800 денари,по ф-ра и пртетходно склучен договор во износ од 3.333 денари,по ф-ра набавка книги 27.740 денари, по 2 ф-ри вкупно 5.778 денари по претходни договори и по ф-ра набавка на книги 36.240 денари(банковни изводи бр.12,18,43 од 2024) |
| 4. | Укоричување на Службен весник на РСМ | 15.000 | 15.000 | 14.620 | **Проектот е реализиран** – исплатено по ф-ра за укоричивање тврд повез 14.620 денари (банковен извод бр.17,30 од 2024) |
| 5. | Збогатување на книжниот фонд-Набавка на домашни и странски публикации за (подрачната библиотека во Вевчани) | 30.000 | 30.000 | 27.487 | **Проектот е реализиран** – набавка на книги по ф-ра 3 доверители 3.384 денари, по ф-ра ,2.295 денари и по ф-ра 21.808 денари(банковен извод бр.12,43, од 2024) |
| 6. | Набавка на лепенки и рибони за печатење на ZEBRA GK 420t за работа во сегментот COBBISS 3 | 20.000 | 20.000 | 19.725 | **Проектот е реализиран** – по ф-ра за набавка на рибони,лепенки,печатачи во износ од 19.725 денари(банковен извод бр.17 од 2024) |
| 7. | Одбележувањ е на јублеј 80 години матична библиотека и 65 години постоење на НУЦК „Браќа Миладиновци“ Струга | 30.000 | 30.000 | 29.926 | **Проектот е реализиран** – Исплатено по ф-ра за коктел 2.520 денари,за изработка на плакати,програма,благодарн ици по ф-ра 2.106 денари, по ф-ра по претходно склучен договор за организациски подготовки 1 лице 19.000 денари и по ф-ра за изработка на сценографски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | елементи 6.300 денари(банковен извод бр.18,30 од 2024) |
| | Вкупно: | 415.000 денари | 415.000 денари | 398.105 денари | 16.895 денари се нереализирани |

Центарот доставил конечни наративени и финансиски извештаи до МК за реализација и со приемен штембил на МКТ бр.30-7368/1 од 31.12.2024 г., бр.30-7129/2 од 23.7.2024 г., бр.30-1173/1 од 25.12.2024 г., бр.30-11552/1 од 20.12.2024 г.,

### 10.2. Ненамирени обврски на буџетската сметка

Според презентираната сметководствената документација (завршна сметка и како и конто 220) утврдено е дека Центарот на 31.12.2024 година **имал ненамирени обврски во вкупен износ од 278.807 денари,** а до денот на надзорот има ненамирени обврски во износ од **107.658 денари.**

**Обврските се по следниве намени и доверители:**

**Обврски на 31.12.2024 година 278.807 денари:**

-ЕВН Електро Струга 192.625 денари;
-ЈП Колекторски систем Струга 852 денари;
-Јавно комунално претпријатие(вода смет) 1.050 денари;
-Пеликан корпоратион Струга за печатење 2.092 денари;
-Спид Плус Авторска агенција-Скопје 30.000 денари;
-Проаква Струга 2.059 денари;
-А1 Македонија 5.284 денари;
-Флаш про Струга 8.000 денари;
-КМП Петрол 2.799 денари;
-Македонски пошти 3.622 денари;
-МКБ Миса 774 денари;
-Скопје филм студио 650 денари;
-Службен весник на РСМ 7.000 денари;
-Трис филмс 22.000 денари.

**Обврски до ден на надзор 107.658 денари**
-ЕДС Енерџи деливери солушн 45.649 денари;
-ЕВН Електро Струга 274 денари;
-Флаш фото студио 6.000 денари;
-Јавно комунално претпријатие(вода смет)2.731 денар;
-Мега продукција Џоле 5.000 денари;
-Нобел плус 79.620 денари;

-Пеликан корпоратион Струга 2.092 денари;
-Проаква Струга 300 денари;
- А1 Македонија 416 денари;
-АДИ Крека 25.000 денари;
-Андрос 2.325 денари;
- Флаш про Струга 6.000 денари;
-ГЕО Мацески 18.847 денари;
- Пеликан корпоратион Струга 1.416 денари;
-Покрај Дрим ДООЕЛ Струга 9.420 денари;
-Скопје филм студио 850 денари;
-ТРИС Филмс 22.000 денари.

**Врз основа на непосредниот увид во документацијата како и разговорите со присутните лица:**

**-Не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзорот:**

При редовниот инспекциски надзор, меѓудругото е утврдено дека:

1. Преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК во вкупен износ од **1.223.000 денари** за реализација на програмските и други активности на Центарот од национален интерес во културата од областа на Фолклорната и сценско уметничка дејност, визуелни уметности, архитектура и дизајн, драмска дејност, библиотечна дејност, литература и издавачка дејност за 2024година се потрошени наменски согласно со член 70-а став (4) од Законот за културата.

2. Центарот на 31.12.2024 година **имал ненамирени обврски** во вкупен **износ од 278.807 денари** а до денот на надзорот има ненамирени обврски, во вкупен износ **од 107.658 денари.**
Оттука, имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор не се констатирани неправилности во работењето на Центарот од аспект на примена на Законот за културата, инспекторот ја запира постапката во согласност со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | в.д.директор | Печат и потпис на инспекторот за култура | Верица Станкова, советник инспектор |
| Датум: | ____.2025 г. | Датум: | 14.7.2025 г. |